Друштво за трговија и услуги
ЗОТОКС ДООЕЛ
Бр. 03-07/204
07.11.2018 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр.11-3437/15
07.11.2018 година
Берово

# ДОГОВОР
***за јавна набавка***

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**
**1.Општина Берово**
ул. "Димитар Влахов" бр.10 Берово,
застапувана од Градоначалникот Звонко Пекевски,
во понатамошниот текст (Набавувач) и
**2. ДТУ ЗОТОКС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
ул. "Ботун" бр.31 а 1000 Скопје
застапувано од одговорно лице Зоран Зафировски
**ЕМБС** 5732603 **и ЕДБ**: 4030003470076
во понатамошниот текст (Носител на набавката)

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:
**Член 1**

Предмет на овој договор е **"Дератизација на територијата на град Берово и населените места Ратево, Русиново, Будинарци, Беровско Езеро, Митрашинци, Смојмирово Владимирово и градската депонија во Берово".**
Постапката е спроведена со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 11-3437/2018 од 16.10.2018 година.

## ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ:
**Член 2**

Вредноста на услугите од член 1 од овој Договор, изнесува **71.250,00 денари со букви *(седумдесет и една илјада двесте и педесет денари)* без вклучен ДДВ.**
*Вредноста на ДДВ изнесува 12.825,00 денари.
Вредноста на услугите од член 1 од овој Договор, изнесува **84.075,00 денари со букви *(осумдесет и четири илјади и седумдесет и пет денари)* со вклучен ДДВ.**
Цените утврдени во овој договор не можат да претрпат корекции за времетраењето на договорот, освен ако не се поповолни за економскиот оператор.

## НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА:
**Член 3**

Плаќањето на цената од член 2 на овој Договор, ќе се врши за стварно извршена услуга предмет на договорот за јавна набавка, согласно техничката спецификација, со доставување на фактура, испратница (ако е потребно) и извештај за извршена услуга.
Плаќањето ќе се врши во рок од 30 дена од доставување на фактурата и придружните документи во архивата на договорниот орган, за реално испорачаните услуги.
ДДВ при изготвувањето на фактурата посебно се искажува.

## РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ:
**Член 4**

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите предмет на договорот за јавна набавка сукцесивно, веднаш по склучување на договорот за конкретната јавна набавка, по претходно добиено барање од страна на Договорниот орган/нарачателот согласно барањата во техничката спецификација.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува дека квалитетот на услугата ќе биде во согласност со важечките стандарди и прописи и барањата во техничката документација и спецификација.

## ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ:

**Член 6**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ги изврши услугите во рокот определен со овој договор па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена во член 2 од овој Договор за секој ден на доцнењето.
Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 8**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа веднаш писмено да ја извести другата договорна страна.

**Член 9**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат.
По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.
Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.
За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 11**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд Берово

**Член 12**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) примерока за Набавувачот и 2 (два) примерока за Носителот на набавката.

*Составен дел на овој Договор е понудата на **ДТУ ЗОТОКС ДООЕЛ СКОПЈЕ.**

| | |
|---|---|
| **Општина Берово** | **ДТУ ЗОТОКС ДООЕЛ СКОПЈЕ** |
| **Градоначалник** | **Одговорно лице** |
| **Звонко Пекевски** | **Зоран Зафировски** |
| | [redacted] |

# ЗОТОКС

**ДООЕЛ - Скопје**

**Жиро сметка: 300000001630606**
**Даночен број : МК 4030003470076**
**Депонент : Комерцијална банка**

**ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ**

**ул. Ботун 31 а * 1000 Скопје * тел / факс : 02 / 32 26 - 043 ; 070 / 204 - 454 *info@zotoks.com.m**


## Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласот број **11-3437/2018** објавен од страна на Општина Берово, за доделување на договор за јавна набавка, ***"ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД БЕРОВО И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА РАТЕВО, РУСИНОВО, БУДИНАРЦИ, БЕРОВСКО ЕЗЕРО, МИТРАШИНЦИ, СМОЈМИРОВО, ВЛАДИМИРОВО И ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА ВО БЕРОВО"*** со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ДТУ ЗОТОКС ДООЕЛ СКОПЈЕ
I.2. Контакт информации

- Адреса: Ул. Ботун бр. 31а 1000 Скопје
- Телефон: 02/3226-043 070/204-454
- Факс: 02/3290-015
- Е-пошта: info@zotoks.com.mk
- Лице за контакт: Зоран Зафировски

I.3. Одговорно лице: Зоран Зафировски
I.4. Даночен број: МК4030003470076

I..5.Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка:
***"ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД БЕРОВО И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА РАТЕВО, РУСИНОВО, БУДИНАРЦИ, БЕРОВСКО ЕЗЕРО, МИТРАШИНЦИ, СМОЈМИРОВО, ВЛАДИМИРОВО И ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА ВО БЕРОВО"***

I.6. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 169 од Законот за јавните набавки.

**Дел II –Финансиска понуда**

II.1. Преглед на цените на нашата понуда е даден во следнава листа на цени*:

| ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | предмет | единица мерка | количина | единечна цена без ДДВ | вкупна цена без ддв |
| 1 | Дератизација на град Берово со населените места Ратево,Русиново,Будинарци, Владимирово,Смојмирово, Беровско Езеро и градската депонија во Берово ќе биде извршена со кумарински мамци во различни облици (кумарински блокови, пелети). Истата ќе се врши на градската канализација и канализациите во населените места како и на градската депонија во Берово. Ќе биде направена во месец октомври 2018 г. *Вкупната должина на канализацијата е 50.000м и има 1193 шахти, депонијата е со површина од 0.5хектари.* | м | 50.000 | 1,00 | 50.000,00 |
| 2 | Набавка на 85кг кумарински блокови од кои со 5кг кумарински блокови ќе се третира Депонијата за комунален отпад | кг | 85 | 250,00 | 21.250,00 |
| | | | | Вкупна цена без ДДВ | 71.250,00 |
| | | | | ДДВ | 12.825,00 |
| | | | | Се вкупно | 84.075,00 |

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.3. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:71.250,00 (Седумдесетиеднаилјадаидвестаипедесет) денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 12.825,00

II.4. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.5.Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 19.10.2018

Друштво за трговија и услуги ЗОТОКС ДООЕЛ Скопје

Одговорно лице*

(потпис)

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*